# И З В Е Ш Т А Ј

Од извршените конзерваторско реставраторски работи на градба во Дорски стил, сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Кнежје – Свети Николе 2025 годибна

Конзерваторско реставраторските работи се изведени врз основа и во согласност со:

- Основен проект за конзерваторско реставраторски работи на градба во Дорски стил, сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Кнежје – Свети Николе, со архивски број 11-202/4 од 22.11.2024 година

- Извештај за извршена стручна контрола на основниот проект конзервација и реставрација на градба во Дорски стил, сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Кнежје – Свети Николе.

- Конзерваторско одобрение бр. од. ,издадено од Управата за заштита на културното наследство на Р.Македонија.

- Извештај за извршен конзерваторски надзор на изведување на непосредна заштита од Националниот Конзерваторски Центар – Скопје.бр . од.

- Решение за отпочнување со конзерваторско реставраторските работи бр. од , издадено од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип.

- При вршењето на работите , Управата за заштита на културното наследство има извршено инспекциски надзор, за што има изготвено Записник бр. од

**Опис на** градба во Дорски стил, сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Кнежје – Свети Николе

Во непосредна близина, односно на растојание од 2.00 м од северозападниот агол на Владетелската палата на локалитетот Градиште Славок Дол во 2023 година е откриен уште еден објект со работен наслов Градба во Дорски стил (Храм).

Иако објектот има работен наслов Градба во Дорски стил, врз основа на откриената камена пластика (фрагменти од столбови, капители, архитрав, фриз со метопи и триглифи или уште познат како покривен корниз), дава индиции дека се работи Храм.

Со истражувањето е откриен габаритот на градбата, но северниот дел не е целосно истражен односно источниот ѕид излегува од основата на храмот кон сеевер (сочуван само во субструкцијата) и заедно со западниот бедем на кој е фланкиран објектот, се создава слика како да постои уште една просторија на север (пронаос). Ова ситуација не е потврдена и се надевам дека со понатамошните истражувања ќе добиеме целосни резултати за габаритот на објектот односно ќе знаеме дали објектот има пронаос.

Димензии на градбата во Дорски стил:

Надворешни: 10.60 м (исток – запад) и 9.60 м(север – југ)

Внатрешни: 8.00 м (исток – запад) и 7.10 м (север – југ)

Со оглед на неговата се вкупна незадоволителна состојба, како и досегашните непреземени превентивни и заштитни активности, со конзервација на објектот се надеваме дека ќе успееме да го сочуваме од понатамошни пропаѓања и оштетувања.

По овие активности објектот ќе биде соодветно презентиран пред пошироката јавност. Со тоа ќе добиеме уште еден споменик на културата поврзан со историските случувања во овој дел на Р.Македонија од класичниот период.

**Конзерваторско реставраторски работи**

*Конзерваторско реставраторските работи се изведени во месец август 2025 година, од стручен тим:*

- проф. д-р Трајче Нацев конзерватор советник, раководител на конзерваторско реставраторските работи

- проф. д-р Драги Митревски, член на стручна екипа

Конзерваторско реставраторските работи, изведени се согласно основниот проект за конзерваторско реставраторски работи на градба во Дорски стил, сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Knежје – Свети Николе (прва фаза – оформување и минимално надѕидување на ѕидовите со цел нивна заштита од понатамошна деструкција).

**Конзерваторските работи беа изведени на:**

Сите позиции предвидени со барањето за дозвола за конзерваторско реставраторските работи и се дел од основниот проект за конзервација и реставрација на градба во Дорски стил (Храм), сектор Владетелска палат – локалитет Градиште Славков Дол, Билазора, село Кнежје – Свети Николе.

Конзерваторските работи на градбата во Дорски стил (Храм), оваа година беа насочени, кон завршување на првата фаза, односно оформување и консолидирање на ѕидовите (источен, западен, северен и јужен) и спречување на понатамошна деструкција на истите.

***Забелешка***

Во кординација со раководителот на истражувањата проф. д-р Драги Митревски, надзорот д-р Миле Вековски и раководителот на конзер ваторско реставраторските работи, одлучивме, постариот ѕид од објектот, со правец северозапад – југоисток да се отстрани од објектот бидејќи претставува ѕид од постар објект, најверојатно од железното време и не се поврзува со ѕидовите на храмот.

**Состојба на ѕидовите пред отпочнување со конзервација и реставрација**

***Источен ѕид***: должина 12 м и ширина 1.35 м (заедно со северниот дел кој излегува од основата на објектот. Ѕидот е во многу лоша состојба, сочуван во еден ред на камен над нивото на газење или на подот во објектот. На поедини места, констатираме два реда на камен а на некои делови, камењата недостасуваат.

***Западен ѕид:*** претставува дел од западниот одбранбен ѕид од фортификацијата на акрополот. Должината на ѕидот е иста како и источниот ѕид во рамките на основата на објектот и ширина од 1.35 м. Овој ѕид од објектот е еден од подобро сочуваните ѕидови иако и кај него се констатирани деструкции во однос на изместени камења од лежиштата а кај неколку е констатирана состојба на целосно распаѓање.

***Северен ѕид:*** должина 8.00 м и ширина 1.25 м. Ѕидот е во крајна лоша состојба особено во централниот и делот каде се вкрстува со западниот дел, каде констатираме дека поголем дел од камењата недостасуваат.

***Јужен ѕид:*** должина 8.00 м. Кај овој ѕид констатираме две ширини 1.25 м и во западниот дел ширината на ѕидот се зголемува каде ѕидот се вкрстува со западниот ѕид од фортификацијата. Во овој дел ширината на ѕидот е 2.60 м. Оваа ширина на ѕидот е поголема најверојатно поради влезната партија (порта) која е во непосредна близина на храмот.

*Забелешка:*

По чистењето на ѕидовите на градбата во дорски стил, констатиравме дека кај неколку ѕидови не се точни димензиите презентирани во проектот:

*Источен ѕид,* ширината во проектот е од 1.00 до 2.00 м а по чистењето констатираме дека ширината на ѕидот по целата негова должина е 1.35 м.

*Западен ѕид*, во проектот ширината е 2.70 м а по чистењето и припремањето на истиот за конзервација и реставрација, констатирано е дека ѕидот е со ширина од 1.35 м.

*Северен ѕид*, должина 7.25 м а ширина 1.20 м. По чистењето и припремањето на ѕидот за конзерваторско реставраторски интервенции констатираме дека ѕидот е со должина од 8.00 м и ширина од 1.25 м.

*Јужен ѕид*, должина 9.10 м и ширина 1.35 м во проектот. Со отстранувањето на дерутираниот материјал и по чистењето, констатиравме дека должината е 8.00 м и дека кај ѕидот се појавуваат две ширини (1.35 и 2.60 во западниот дел)

**Отстранување на дерутиран градежен материјал и вегетација**:

Отстранување на дерутираните камења од фасадите, лицата и од јадрото на ѕидовите. Исто така извршено е отстранување и на вегетацијата од ѕидовите. Во рамките на оваа фаза констатирани се неколку дерутирани камења од фасадата од долните партии на западниот ѕид.

***Источен ѕид:***

- Отстранување на сите деруририрани камењата од јадрото на ѕидот.
- Отстранување на деструктивни камења, од фасадата и лицето на ѕидот.
- Отстранување на земјата со која биле поврзувани камењата, во јадрото на ѕидот во длабочина до 0.05 м.

***Западен ѕид :***

- Отстранување на сите деруририрани камењата од јадрото на ѕидот.
- Отстранување на деструктивни камења, од фасадата и лицето на ѕидот.
- Отстранување на земјата со која биле поврзувани камењата, во јадрото на ѕидот во длабочина до 0.05 м.
- Во долните партии на фасадата се отстранети неколку деструктивни камења

***Северен ѕид:***

- Отстранување на сите деруритирани камења од јадрото на ѕидот.
- Отстранување на деструктивни камења, од фасадата и лицето на ѕидот.
- Отстранување на земјата со која биле поврзувани камењата, во јадрото на ѕидот во длабочина до 0.05 м.

***Јужен ѕид :***

- Отстранување на сите деруририрани камењата од јадрото на ѕидот.
- Отстранување на деструктивни камења, од фасадата и лицето на ѕидот.
- Отстранување на земјата со која биле поврзувани камењата, во јадрото на ѕидот во длабочина до 0.05 м

- ***Подот во објектот*** не е сочуван. Изведено е чистење од градежен шут (распаднати камења), вегетација и коров.

***Чистење и миење на ѕидовите пред надѕидувањето.***

Извршено е миење на припреманите површини од надворешната фасада и од круната на ѕидовите на кулата.

**Конзервација и реставрација**

***Надѕидување***

На позициите во долните партии каде беа отстранети дерутирани – истрошени камења, истите беа заменети со нови камења, со димензии како отстранетите. Поврзувањето е изведено со продолжен малтер (бел цемент, вар и песок)..

Надѕидувањето на ѕидовите беше изведено во градежна техника opus kvadratum со обработени камени блокови со различна големина а во јадрото на ѕидот беа поставени камења без обработка на површините. При надѕидувањето користен е многу мал процент на камен, откриен во текот на археолошкото истражување на објектот асо многу голем процент во ѕидовите е вграден нов камен со иста спецификација како и откриениот каме. Поврзувањето меѓу камењата е со продолжен малтер (бел цемент, вар и песок).

Надѕидувањето е во сосгласност со предложениот проект, со мали измени како резултат на ново сосздадената ситуација по отстранувањето на дерутираните површини од фасадите, лицата и од јадророто на ѕидовите.

- ***Источен ѕид:***
  Надѕидувањето односно конзервацијата и реставрацијата е започната од северниот дел на ѕидот, каде беа констатирани и најголемите оштетувања. По санирањето на аголот со надѕидувањето продолживме кон јужниот дел на ѕидот. По завршувањето со конзервацијата на фасадата и лицето на ѕидот, извшршено е затварање на фугите од јадрото на ѕидот, со мали надѕидување на истото. Височините на ѕидот по конзерваторско-реставраторските работи се движат од 0.20 м до 0.30 м од север кон југ.

- ***Западен ѕид :***

  Конзервацијата на ѕидот е започната со поставување на камените блокови во долните партии на ѕидот.  Потоа конзервацијата продолжи со решавање на северозападниот агол, каде воедно е констатирано најголемо оштетување. На фасадата е поставен еден ред на камен а на лицето на ѕидот поставени се  два реда на камен. Јадрото на ѕидот е наполнето со необработен камен. Висини по конзервација:

  Внатрешни за 0.20 до 0.30 м во однос на висините по чистењето на ѕидот.

  Надворешни од 0.80 во северниот дел до 1.30 м во јужниот дел

- ***Северен ѕид :***

  Конзервацијата на ѕидот е започната од северозападниот агол кон источниот дел на ѕидот.

  Висини на ѕидот по конзервацијата е 1.00 м во западниот дел и каскадно се качува кон источниот дел на ѕидот, каде поради елевацијата на теренот висината е најмала во овој дел со висина од 0.30  м од површината на земјата. Исто така и кај овој ѕид извршено е затворање на фугите на јадрото на ѕидот, притоа исто како и кај претходните ѕидови војќи сметка атмосфераската вода да не се задржува на  јадрата на ѕидот.

- ***Јужен ѕид :***

  Исто како и кај источниот ѕид и кај овој ѕид, направени се минимални конзерваторски реставраторски работи на фасадата и на лицето на ѕидот и максимална конзервација на јадрото. Поставен е само еден ред на камен и исто како и јужниот ѕид, конзервацијата е изведена каскадно од запад кон исток. Висините на јужниот ѕид по конзерваторско-реставраторските работи и надѕидувањето се движи: од 0.50 во западниот дел до 0.30 во источниот дел на ѕидот.

- ***Фугирање на ѕидовите***

Фугирање на ѕидовите не е извшена со конзервацијата и реставрацијата во првата фаза.

- ***Фугирање и обработка на круната на ѕидовите.***

Фугирањето на круната на ѕидовите е изведена во продолжен малтер (бел цемент и гасена вар). Обработка на фугите не е завршена бидејќи по проектот, ѕидовите да градбата треба да се надѕидат према предложената висина од основниот прокет за конзервација и реставрација. Во оваа фаза се затворени фугите на круната на ѕидовите со цел да се спречи процесот на деструкција на јадрото на ѕидовите со навлегување на атмосферска вода и мрзнење на малтерот.

- ***Подот во градбата*** не е сочуван, освен во траги каде се забележува под од набиена и малку запечена земја. Изведено е чистење од градежен шут, вегетација и коров.

Проф. д-р Трајче Нацев, конзерватор советник

ИЗБОР ОД ФОТОДОКУМЕНТАЦИЈАТА



Сл.1 Источен ѕид пред отпочнување со конзервација и реставрација



Сл.2 Западен ѕид пред отпочнување со конзервација и реставрација



Сл.3 Северен ѕид пред отпочнување со конзервација и реставрација



Сл.4 Јужен ѕид пред отпочнување со конзервација и реставрација



Сл.5 Источен ѕид по извршеното чистење од дерутиран градежен материјал и коров



Сл.6 Западен ѕид по извршеното чистење од дерутиран градежен материјал и коров



Сл.7 Северен ѕид по чистењето од дерутиран материјал, коров и трева



Сл.8 Северозападен агол по отстранувањето на земјата и дерутираниот материјал



Сл.9 Миење на ѕидовите (западен ѕид)



Сл.10 Миење на ѕидовите (северен ѕид)



Сл.11 источен ѕид во текот на конзервацијата



Сл.12 Во текот на конзервацијата на западен ѕид



Сл.13 Припрема на камениот блок за вградување во северниот ѕид



Сл.14 Северозападен агол, попоставувањето на првите два реда на камен



Сл.15 Северозападен агол, по завршувањето со конзервација



Сл.16 Западен ѕид по поставувањето на камените блокови на лицето на ѕидот



Сл.17 Северен ѕид во текот на конзерваторско реставраторските работи



Сл.18 Јужен ѕид во текот на конзервацијата – снимен од север



Сл.19 Јужен ѕид во текот на конзервацијата – снимен од југ



Сл.20 Западен ѕид по конзервацијата на фасадата на ѕидот



Сл. 21 Источен ѕид по конзерваторско реставраторските работи (прва фаза)



Сл. 22 Северен и западен ѕид по конзерваторско реставраторските работи (прва фаза)



Сл.23 Јужен ѕид по конзерваторско реставраторските работи (прва фаза)



Сл.24 Панорама на објектот по конзерваторско реставраторските работи (прва фаза)